**МАКЕДОНСКА БЕРЗА**
**НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**
**АД СКОПЈЕ**

# ПРАВИЛА ЗА АРБИТРАЖА
# на
# Македонска берза АД Скопје и
# Централен Депозитар за хартии од вредност АД Скопје

| Датум на усвојување од Одборот на директори на Македонската берза | Датум на прием на согласност од Комисијата за хартии од вредност | Датум на почеток на примена |
|---|---|---|
| 07.10.2006 | 12.02.2007 | 15.03.2007 |

**Скопје, Февруари 2007 година**

Врз основа на член 83 од Законот за хартии од вредност, Статутот на Македонската берза АД Скопје, Одлуката бр.02-1903/1 за усвојување на Правила за арбитража на Македонската берза АД Скопје и Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје од 07.10.2006 година и Одлуката бр.02-369/1 за имплементација на забелешките од Комисијата за хартии од вредност согласно Решението бр.08-374/1 од 25.01.2007 година во текстот на Правилата за арбитража на Македонската берза АД Скопје и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, Одборот на директори на Македонската берза АД Скопје на својата XLVII седница одржана на 19.02.2007 година донесе пречистен текст на:

# ПРАВИЛА
## за арбитража на Македонска берза АД Скопје и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје

## 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Овие Правила го уредуваат начинот на разрешување на споровите меѓу членките на Берзата и меѓу членките на Берзата и нивните клиенти, како и меѓу членките на Депозитарот и меѓу членките на Депозитарот и нивните клиенти на правичен, ефикасен и чесен начин.

(2) Споровите меѓу членките на Берзата и членките на Депозитарот задолжително се решаваат преку арбитража.

(3) Споровите меѓу членките на Берзата и членките на Депозитарот и нивните клиенти се решаваат преку арбитража единствено по барање на клиентите.

(4) За разрешување на споровите од став 2 и 3 од овој член, Берзата и Депозитарот формираат Комисија за арбитража.

### Дефиниции
### Член 2

(1) Одделни изрази употребени во овие правила го имаат следново значење:

- "Арбитражна постапка" е постапката за решавање на спор помеѓу членките на Берзата и/ил меѓу членките на Берзата и нивните клиенти, како и меѓу членките на

Депозитарот и/или меѓу членките на Депозитарот и нивните клиенти, пред Комисијата за арбитража;

- “Арбитражна спогодба” е писмена спогодба потпишана од секоја членка на Берзата/Депозитарот, во која се изразува согласноста на членките на Берзата/Депозитарот за разрешување на нивните спорови во арбитражна постапка спроведена од страна на Комисијата за арбитража.

- “Арбитражна клаузула” е одредба во договорот со клиент склучен меѓу членка на Берзата/Депозитарот и клиент на членката со која е регулирано дека споровите меѓу членката на Берзата/Депозитарот и клиентот на членката може по барање на клиентот да се разрешуваат во арбитражна постапка спроведена од страна на Комисијата за арбитража.

- “Берза” означува Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје

- “Депозитар” означува Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје

- “Страна во спорот” е лицето кое поднесува тужба (членка на Берзата/Депозитарот и/или клиент на членката) или лице против кое е поднесена тужба (членка на Берзата/Депозитарот);

- „Акти на Берзата” се: Статутот, Правилата за членство, Правилата за тргување, Правилата за котација, Правилата однесување и дисцилина, Тарифникот за висината на надоместоците на Македонската берза, овие правила како и сите други одлуки и акти донесени врз основа на наведените акти;

- “Акти на Депозитарот” се : Статутот, Правилата за работа, Правилата за членство, Правилата за однесување и дисциплина, Тарифникот, како и овие правила и сите други одлуки и акти донесени врз основа на наведените акти.

- „Прописи од областа на хартии од вредност во Република Македонија” го означуваат Законот за хартии од вредност, Законот за инвестициони фондиви, Законот за преземање на акционерски друштва, другите закони во делот што го регулираат работењето со хартии од вредност и подзаконските акти донесени врз основа на овие закони.

(2) За целите на овие правила, освен ако поинаку не е дефинирано, сите други термини го имаат истото значење како во Законот за хартии од вредност и актите на Берзата и Депозитарот.

## 2. КОМИСИЈА ЗА АРБИТРАЖА

### Надлежност на Комисијата за арбитража
### Член 3

(1) Комисијата за арбитража е самостојна институција формирана во рамките на Берзата и Депозитарот која е надлежна за разрешување на споровите меѓу членките на Берзата и меѓу членките на Берзата и нивните клиенти, како меѓу членките на Депозитарот и меѓу членките на Депозитарот и нивните клиенти, во постапка регулирана со овие правила.

(2) Во својата работа Комисијата за арбитража е независна.

### Состав на Комисијата за арбитража
### Член 4

(1) Комисијата за арбитража е составена од 5 члена, претседател и четворица членови.

(2) Двајца од членовите ги избира Собранието на акционери на Берзата, по предлог на Одборот на директори на Берзата, а двајца од членовите ги избира Собранието на акционери на Депозитарот по предлог на Управниот одбор на Депозитарот.

(3) Претседателот на Комисијата за арбитража се избира од Собранието на акционери на Берзата и од Собранието на акционери на Депозитарот, по претходен заеднички предлог од Одборот на директори на Берзата и Управниот одбор на Депозитарот.

(4) Мандатот на сите членови на Комисијата за арбитража е 4 години.

(5) Членовите на Одборот на директори на Берзата и на Управниот одбор и Надзорниот Одбор на Депозитарот не можат да бидат именувани за членови на Комисијата за арбитража.

(6) За член на Комисијата за арбитража може да биде предложено лице кое има претходно професионално искуство во областа на правото, економијата или работење со хартии од вредност. Еден од членовите на Комисијата за арбитража задолжително мора да има претходно професионално искуство во областа на правото.

(7) Претседателот ги води седниците на Комисијата, ја застапува и претставува Комисијата за арбитража во односи со други физички и правни лица, како и во односи со надлежни институции.

(5) За одржување на седниците на Комисијата за арбитража потребно е присуство на најмалку тројца членови. Во отсуство на претседателот, на самата седница членовите на Комисијата за арбитража избираат претседавач кој ја води седницата.

**Административни и технички услуги**
**Член 5**

(1) Берзата и Депозитарот ги обезбедуваат административните и техничките услуги за работењето на Комисијата за арбитража.

**Седиште на Комисијата за арбитража**
**Член 6**

(1) Седиштето на Комисијата за арбитража е во просториите на Берзата. Со благовремено известување на страните, постапката за арбитража, може да се одржува во кое било друго место кое се смета за соодветно или пригодно.

**Меродавни законски прописи**
**Член 7**

(1) При одлучување во текот на арбитражната постапка Комисијата за арбитража е должна да ги применува одредбите од прописите од областа на хартиите од вредност во Република Македонија и актите на Берзата и Депозитарот.

**Арбитражна спогодба / клаузула**
**Член 8**

(1) Заради разрешување на споровите помеѓу членките на Берзата и Депозитарот по пат на арбитража согласно Законот за хартии од вредност, членките на Берзата/Депозитарот се должни да потпишат арбитражна спогодба.

(2) Разрешувањето на споровите помеѓу членка на Берзата и клиентот на членката или меѓу членка на Депозитарот и клиентот на членката по пат на арбитража по барање на клиентот согласно Законот за хартии од вредност, се утврдува со потпишување на договор со клиент кој содржи арбитражна клаузула.

## 3. ЗАПОЧНУВАЊЕ И ТЕК НА АРБИТРАЖНА ПОСТАПКА

### Поднесување на тужба за поведување на арбитражна постапка пред Комисијата за арбитража
### Член 9

(1) Постапката за арбитража започнува со поднесување на тужба од страна на членка на Берзата/Депозитарот и/или клиент на членката.

(2) Тужбата од став 1 од овој член се поднесува до Берза или до Депозитарот.

(3) Берзата или Депозитарот во рок од 1 работен ден од приемот на тужбата истата ја препраќаат до лицето против кое се поднесува тужбата по препорачна пошта.

(4) Подносителот на тужбата е должен во тужбата да ги наведе сите факти и докази со кои се докажува постоењето на спорот со лицето против кое се поднесува тужбата.

(5) Тужбата од став 1 од овој член ги содржи најмалку следниве елементи:
- име и презиме/назив и адреса на подносителот;
- име и презиме/назив и адреса на лицето против кое се поведува постапката;
- предмет на спорот;
- повикување на основот во кој е регулирано разрешувањето на споровите по пат на арбитража.

(6) Во прилог на тужбата од став 1 од овој член, подносителот е должен да го достави и договорот во кој е регулирано разрешувањето на споровите по пат на арбитража.

(7) Берзата или Депозитарот се должни во рок од еден (1) работен ден од приемот на тужбата од став 1 од овој член да ги извести членовите на Комисијата за арбитража за приемот.

(8) Арбитражната постапка започнува оној ден кога лицето против кое се води спорот ќе го прими барањето тој спор да се изведе пред Комисијата за арбитража.

### Одговор на тужба
### Член 10

(1) Страната против која се поднесува тужбата има право да поднесе одговор на тужбата најдоцна во рок од седум (7) календарски дена од приемот на тужбата.

(2) Одговорот на тужбата се поднесува до Берзата или Депозитарот, а преку нив и до подносителот на тужбата.

(3) Берзата или Депозитарот се должни веднаш, а најкасно во рок од еден (1) работен ден по приемот на одговорот на тужбата, тужбата и одговорот на тужбата да ја достави до Комисијата за арбитража, заедно со целиот друг материјал, лично или преку препорачана пошта.

(4) Доколку во рокот од член 10, став 1, предвиден за доставување на одговор на тужбата не биде доставен одговор на тужбата, Берзата или Депозитарот се должни веднаш, а најкасно во рок од еден (1) работен ден по истекот на рокот, тужбата заедно со целиот друг материјал да ја достават до Комисијата за арбитража, лично или преку препорачна пошта.

**Менување и дополнување на тужбата или одговорот на тужбата**
**Член 11**

(1) Тужбата и одговорот на тужбата може да бидат менувани и дополнувани од страните во спорот во текот на арбитражната постапка.

(2) Доколку Комисијата за арбитража смета дека измените и дополнувањата од став 1 од овој член нецелисходно ја одовлекуваат постапката, истите нема да ги дозволи.

**Седница на Комисијата за арбитража**
**Член 12**

(1) Комисијата за арбитража е должна во рок од 15 (работни) дена од приемот на тужбата и/или одговорот на тужбата и другите материјали да одржи седница на која ќе бидат сослушани страните во спорот.

(2) Берзата или Депозитарот доставуваат писмено известување со препорачана пошта, до страните во спорот за времето и местото на одржување на седницата на Комисијата за арбитража.

**Застапеност на страните**
**Член 13**

(1) Секоја страна во арбитражната постапка може да именува свој правен застапник, со претходно доставување на писмено известување до Берзата или Депозитарот, со уредно

заверено полномошно за идентитетот на правниот застапник, најмалку еден ден пред одржувањето на седницата.

**Тек на седницата на Комисијата за арбитража**
**Член 14**

(1) Подносителот на тужбата, на почетокот на седницата ги изнесува фактите врз кои ја темели тужбата и ги објаснува причините за покренување на арбитражната постапка, а потоа на странатa против која се поднесува тужбата и се дава можност во непречено излагање да се изјасни за сите околности што ја товарат и да ги изнесе сите факти што и служат за одбрана.

(2) Во текот на сослушувањето двете страни во спорот имаат право да предлагаат сведоци и докази за кои сметаат дека се релевантни за решавањето на спорот. Известувањата за сведоците што треба да се повикаат за да сведочат се доставуваат до другата страна во спорот и до Берзата во рок од два (2) работни  дена пред денот на одржувањето на седницата.

**Отсуство на една од страните во спорот**
**Член 15**

(1) Седницата на Комисијата за арбитража на која се сослушуваат страните во спорот, се одржува  и  без присуство на страната против која била поднесена тужбата,  претходно била уредно поканета да присуствува лично или преку свој правен застапник. Доколку на седницата на која се сослушуваат страните не присуствува страната која ја поднела тужбата, а својот изостанок не го оправда, се смета дека тужбата е повлечена.

(2) По исклучок од став 1 од овој член, одржувањето на седницата на Комисијата за арбитража се одлага за најмногу петнаесет (15) календарски дена доколку една од страните во спорот достави известување до Берзата  за отсуство поради оправдани причини.

**Записник**
**Член 16**

(1) Во текот на седницата на Комисијата за арбитража се води записник од страна на лице вработено во Берзата или Депозитарот, кој го потпишуваат страните во спорот, членовите на Комисијата за арбитража и записничарот

## 4. АРБИТРАЖНА ОДЛУКА

**Спогодбено решавање на спорот**
**Член 17**

(1) Ако во текот на арбитажната постапка страните во спорот постигнат спогодба за решавање на спорот, Комисијата за арбитража ја запира постапката.

(2) По барање на страните во спорот, Комисијата за арбитража може да донесе арбитражна одлука врз основа на постигнатата спогодба за решавање на спорот.

(3) Ако Комисијата за арбитража заклучи дека содржината на спогодбеното решавање на спорот е спротивна на одредбите од прописите од областа на хартии од вредност и правилата на Берзата, ќе го одбие барањето на страните во спорот да донесе арбитражна одлука согласно став 2 од овој член, и постапката продолжува.

(3) Арбитражната одлука врз основа на спогодбата на страните од став 1 од овој член се донесува во согласност со одредбите од член 18 од овие Правила и во неа се наведува дека претставува арбитражна одлука која има иста правна природа и дејство како и секоја друга арбитражна одлука.

**Форма и содржина на арбитражната одлука**
**Член 18**

(1) По завршувањето на сослушувањето на страните во спорот и сведоците и по излагањето докази, согласно член 14 од овие Правила, Комисијата за арбитражата ќе го прогласи сослушувањето за затворено и преминува кон донесување на арбитражна одлука.

(2) Арбитражната одлука се донесува со мнозинство гласови од членовите на Комисијата за арбитражата кои се присутни на седницата. При изедначена подвоеност на гласовите, одлучувачки е гласот на претседателот на Комисијата, односно гласот на претседавачот на седницата во случај на отсуство на претседателот. Арбитражната одлука се изготвува во писмена форма која содржи образложение врз основа на што е донесена таквата одлука и е задолжитено потпишана од членовите на Комисијата за арбитража кои се присутни на седницата.

(3) Во арбитражната одлука се наведува датумот кога е донесена и местото на одржување на арбитражата.

(4) По донесувањето на арбитражната одлука од страна на Комисијата за арбитража, Берзата или Депозитарот се должни лично или по препорачана пошта да ја достави

истата до секоја страна во спорот.

(5) Донесената арбитражна одлука на Комисијата за арбитража е конечна и обврзувачка за сите страни во спорот, и истите се обврзани да ги исполнат обврските предвидени во неа без никакви одлагања.

(6) Против арбитражната одлуката на Комисијата за арбитража не е дозволена жалба.

(7) Против арбитражната одлука може се поднесе тужба за нејзино поништување до надлежен суд во Република Македонија.

**Завршување на арбитражната постапка**
**Член 19**

(1) Арбитражната постапка завршува со донесување на арбитражна одлука согалсно член 18 или со заклучок на Комисијата за арбитража донесена согласно став 2 од овој член.

(2) Комисијата за арбитража ќе донесе заклучок за завршување на арбитражната постапка во случај ако:
- подносителот на тужбата ја повлече својата тужба, освен ако лицето против кое била поднесена тужбата проговори на тоа, а Комисијата за арбитража смета дека тоа лице има оправдан интерес да се донесе конечна одлука во спорот;
- страните со договориле за завршување на спорот врз основа на член 17 од овие правила;
- страната која ја поднела тужбата не присуствува на закажаната седница на која била уредно поканета, а при тоа не го оправдала својот изостанок.
- Комисијата за арбитража оцени дека понатамошното продолжување на постапката од било кои причини станало непотребно или невозможно.

## 5.ТРОШОЦИ ВО АРБИТРАЖНАТА ПОСТАПКА

**Депозит за отпочнување на арбитражна постапка**
**Член 20**

(1) Берзата и Депозитарот одредуваат депозит со кој се покриваат надоместоците за членовите на Комисија за арбитража како и другите трошоци на постапката.

(2 Услов за отпочнување или тек на арбитражната постапка пред Комисијата за арбитража е депонирање на депозитот од став 1 на овој член од страна на подносителот на тужбата во рок од најмногу десет (10) дена календарски дена од денот на поднесување на тужбата односно во рок од еден (1) работен ден од приемот на одговорот на тужбата.

(3) Висината на депозитот од став 1 од овој член изнесува 70.000,00 денари, а се

распределува на следниов начин:
- 10.000,00 денари за секој член на Комисијата за арбитража;
- 20.000,00 денари за покривање на трошоците кои произлегуваат во текот на постапката.

(4) Депозитот се депонира од страна на лицето кое ја поднесува тужбата. Доколку арбитражната одлука е во корист на лицето кое ја поднело тужбата, истата задолжително содржи одредба со која лицето кое го изгубило спорот се задолжува во определен рок да го исплати депозитот од став 1 од овој член на спротивната страна. На барање на лицето во чија корист е пресуден спортот, со арбитражната одлука се задолжува лицето кое го изгубило спорот да ги надомести и трошоците за правниот застапник на спротивната страна за застапување во постапката, во износ кој не може да биде поголем од 20.000,00 денари.

(5) Доколку реалните трошоци во текот на постапката го надминуваат износот од 20.000,00 денари утврден во став 3 на овој член и истите се покриени од страна на Берзта или Депозитарот, лицето кое го изгубило спорот се задолжува со арбитражната одлука во определен рок да ја исплати разликата на сметка на Берзата или Депозитарот.

(6) Ако во рокот одреден во став 2 на овој член не биде депониран депозитот утврден во став 3 од овој член, се смета дека тужбата е повлечена.

(7) Депозитот утврден во став 3 од овој член се уплаќа на посебна сметка на Берзата или Депозитарот.

**Преодни и завршни одредби**
**Член 21**

(1) Овие Правила стапуваат во сила со денот на донесувањето, а ќе се применуваат по истекот на триесет (30) календарски дена од денот на приемот на согласноста од Комисијата за хартии од вредност.

(2) Овластените учесници на пазарот на хартии од вредност кои до денот на истекот на рокот од став 1 од овој член се стекнале со статусот членка на Берзата или Депозитарот, се должни во рок од 15 дена да ја потпишат арбитражната спогодба, односно во договорите со клиентите да ја додадат арбитражната клаузула согласно член 8 од овие Правила.

**Одбор на директори**

**Престедател**

**Ѕвонко Станковски**